*(“Сл. весник на РМ”, бр.63/2000- основен текст)*

*Измени: („Службен весник на Република Македонија“ бр. 63/00, 29/02, 43/02, 49/03, 81/08, 158/10, 43/14, 15/15, 153/15, 27/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 173/22).*

# ЗАКОН
# ЗА ФОНДОТ ЗА ОСИГУРУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИ

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој закон се основа и се уредува работењето и организацијата на Фондот за осигурување на депозити.

Член 2

Фондот за осигурување на депозити (во натамошниот текст: Фонд) го основа и е во сопственост на Република Северна Македонија.

Фондот е правен следбеник на Фондот за осигурување на штедни влогови.

Член 3

Фондот има својство на правно лице.

Седиштето на Фондот е во Скопје.

Член 3-а

Фондот е специјализирана финансиска институција која ги обесштетува осигурените депозити во банките, филијалите на странските банки и штедилниците, во кои настанал ризичен настан, согласно член 9 став 1 од овој закон.

## 2. ДЕПОЗИТИ ШТО СЕ ПРЕДМЕТ НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 4

Банките, филијалите на странски банки и штедилници основани во Република Северна Македонија се должни во Фондот да ги осигурат депозитите.

Под депозити во смисла на овој закон се подразбираат денарските и девизните депозити, сертификатите за депозит, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на физичките лица (во натамошниот текст: депозит).

Во случај на обесштетување од страна на Фондот, поединечните депозити на едно лице во една банка, филијала на странска банка или штедилница се сметаат за единствен депозит.

Член 4-а

Гувернерот на Народна банка на Република Северна Македонија ќе донесе решение за забрана за прибирање на депозити на банка, филијала на странска банка или штедилница која е исклучена од членство во Фондот поради неплаќање на премија.

Членството во Фондот престанува и во случај кога гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија ќе донесе решение за укинување на дозволата за основање и работење на банка, филијала на странска банка или штедилница.

Фондот ги осигурува вкупните депозити во банките, филијалите на странските банки и штедилниците депонирани до денот на конечноста на решенијата од ставовите 1 и 2 на овој член.

## 3. СРЕДСТВА

Член 5

Паричните средства на Фондот изнесуваат најмалку 4% од вкупните депозити во банките, филијалите на странските банки и штедилниците во Република Северна Македонија.

Под парични средства на Фондот се подразбираат средствата кои се наоѓаат на сметките на Фондот во Народната банка на Република Северна Македонија, сметките на Фондот во деловните банки **и** паричните средства инвестирани во хартии од вредност.

Кога средствата на Фондот ќе го надминат нивото од ставот 1 на овој член, Управниот одбор на Фондот може да донесе одлука за престанок на обврската за плаќање на премија во Фондот од страна на банките, филијалите на странските банки и штедилниците.

По исклучок од ставот 4 на овој член, банките, филијалите на странските банки и штедилниците плаќаат премија во периодот кога се под дополнителни мерки преземени од страна на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија согласно со членот 133 од Законот за банките или е воведена администрација согласно со членот 139 од Законот за банките. Премијата се плаќа по стапка утврдена од страна на Управниот одбор на Фондот.

Член 6

Средствата на Фондот се формираат од основачкиот влог, наплата на премии за осигурување на депозитите и приходи од пласмани.

Средствата со кои располага Фондот може да ги пласира во:

1) хартии од вредност издадени од страна на Република Северна Македонија и од Народната банка на Република Северна Македонија со рок на пристигнување до дванаесет месеци од нивното стекнување од страна на Фондот и

2) должнички хартии од вредност издадени од странски држави, централни банки или јавни меѓународни финансиски институции, рангирани од страна на најмалку две меѓународно признати агенции за оценка на кредитниот ризик во една од двете највисоки категории, во висина на осигурените депозити што гласат на странска валута.

Средствата на Фондот можат да се користат само за обесштетување на осигурените депозити и за покривање на трошоци на работење на Фондот.

Член 7

За осигурување на депозитите Фондот наплатува премија од членките на Фондот по стапка најмногу до 0,7% годишно од вкупните депозити во секоја банка, филијала на странска банка и штедилница.

Начинот, рокот на плаќање и висината на премијата од ставот 1 на овој член ја утврдува Управниот одбор на Фондот.

Во случај на доцнење со уплатата на премиите од ставот 1 на овој член, Фондот пресметува и наплатува законска затезна камата.

Во случај на неплаќање на премија од ставот 1 на овој член во период од шест месеци едноподруго, престанува членството во Фондот.

Фондот е должен веднаш да ја извести Народната банка на Република Северна Македонија за случаите од ставовите 3 и 4 на овој член.

Средствата уплатени во Фондот од страна на банките, филијалите на странските банки и штедилниците по основ на премии се неповратни.

Новооснованите банки, филијали на странски банки и штедилници се должни при зачленувањето во Фондот да уплатат влезна премија во висина од 1% од основачкиот капитал.

Член 8

Доколку на Фондот му недостасуваат средства за исплата на осигурените депозити, Фондот обезбедува дополнителни средства преку:

1) дополнителни уплати од банките, филијалите на странските банки и штедилницте, но не повеќе од трикратен износ на премиите уплатени во месецот кој му претходи на месецот во кој гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија го донел решението од членот 4-а став 2 на овој закон;

2) задолжување во земјата и странство;

3) позајмици од Буџетот на Република Северна Македонија.

Дополнителните уплати од ставот 1 точка 1 на овој член банките, филијалите на странските банки и штедилниците се должни да ги уплатат на сметката на Фондот најдоцна во рок од осум дена од денот на доставувањето на пресметката до банките, филијалите на странските банки и штедилниците од страна на Фондот.

Член 8а

Доколку на Фондот му недостасуваат ликвидни средства за исплата на осигурените депозити на физичките лица, Министерството за финансии може да изврши откуп пред рокот на достасување на хартиите од вредност издадени од страна на Република Северна Македонија кои се во сопственост на Фондот. Откупот се врши без објавување на јавен повик.

## 4. ОБЕСШТЕТУВАЊЕ НА ДЕПОЗИТИТЕ

Член 9

Фондот започнува со обесштетувањето на осигурените депозити во рок од 20 дена од денот на конечноста на решението на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија од членот 4-а став 2 на овој закон.

Во исклучителни околности, Фондот може да го продолжи рокот од ставот 1 на овој член за најмногу десет дена.

Фондот ги обесштетува осигурените депозити, но не повеќе од денарска противвредност на 30.000 евра по депозит во една банка, филијала на странска банка или штедилница пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на конечноста на решението од членот 4-а став 2 на овој закон.

Во износот од ставот 3 на овој член се пресметува главнината на депозитот, договорената пресметана и припишана камата и непристигнатата камата до денот на конечноста на решението од членот 4-а став 2 на овој закон.

На денот на конечноста на решението од членот 4-а став 2 на овој закон депозитите вложени во девизи се конвертираат во денари по среден курс на Народната банка на Република Северна Македонија.

Обесштетувањето на денарските и девизните депозити се исплатува во денари.

Во случај на сомненавање дека побарувањата на депонентите на членките на Фондот произлегуваат од трансакции поврзани со перење пари или финансирање на тероризам, исплатата на побарувањата на депонентите нема да се изврши се до правосилноста на судската одлука за поврзаноста на трансакцијата со перење на пари или финансирање на тероризам.

## 5. ДЕПОЗИТИ ШТО НЕ СЕ ОБЕСШТЕТУВААТ

### Член 10

Фондот не ги обесштетува следните депозити:

1. Депозити на кои им биле дадени привилегирани каматни услови, различни од оние објавени во банката, филијалата на странската банка или штедилницата;
2. Депозити на депоненти сопственици на над 5**%** од акциите со право на управување со банката, филијалата на странската банка или штедилницата;
3. Депозити на членови на органите на управување на банката, филијалата на странската банка или штедилницата;
4. Депозити на роднини од прв степен на депонентите од точките 2 и 3 на овој член;
5. Депозити кои се поврзани со трансакции со кои се вршело перење пари доколку прекршителот е осуден и казната е во сила.

Во случај кога депонентот има обврски кон банката, филијалата на странската банка или штедилницата вкупниот износ на депозити на депонентот се намалува за износот на обврските на депонентот кон банката, филијалата на странската банка или штедилницата.

Во случај на заеднички депозит се смета дека деловите на вложувачите се еднакви ако во договорот поинаку не е определено.

При утврдување на износот од членот 9 став 3 на овој закон се зема предвид учеството на секој депонент во заедничката сметка.

## 6. ОРГАНИ НА ФОНДОТ

### Член 11

Органи на Фондот се: Управен одбор и директор.

### Член 12

Управниот одбор е составен од пет члена именувани од Владата на Република Северна Македонија и тоа три на предлог на министерот за финансии, еден на предлог на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија и еден на предлог

на Здружението за банкарство и осигурување кој треба да е од редот на стручни лица од областа на банкарството и финансиите и кој не смее да е член на орган на управување или вработен во банка, филијала на странска банка или штедилница.

Управниот одбор донесува подзаконски акти со кои се уредува работењето на Фондот.

Членовите на Управниот одбор се именуваат за период од четири години.

За своето работење Управниот одбор е одговорен пред Владата на Република Северна Македонија.

Член 13

Директорот на Фондот го именува Владата на Република Северна Македонија за период од четири години.

За именување на директор се објавува јавен оглас во најмалку три дневни весници кои се издваат на целата територија на Република Северна Македонија, од кои еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат 20 % од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

За директор може да биде именувано лице кои ги исполнува следните услови:

1) е државјанин на Република Северна Македонија;
2) во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;
3) има стекнато 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен;
4) има минимум пет години работното искуство;
5) да не е член на орган за управување или вработен во банка или штедилница;
6) поседува еден од следниве меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англискиот јазик не постар од пет години:
   - ТОЕФЕЛ ИБТ најмалку 74 бода,
   - ИЕЛТС (IELTS) – најмалку 6 бода,
   - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) – најмалку Б2 (B2) ниво,
   - ФЦЕ (FCE) ( Cambridge English: Fisrt) – положен,
   - БУЛАТС (BULATS) – најмалку 60 или,
   - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2)

Член 14

Членовите на Управниот одбор и директорот на Фондот се разрешуваат пред истекот на мандатот за кој се именувани, ако се осудени за кривично дело против имотот или за прекршок од областа на финансиското работење, на начин и на постапка као и за нивното именување.

Член 15

Работењето и организацијата на Фондот се уредуваат со статут на Фондот. Статутот го донесува Управниот одбор.

Владата на Република Северна Македонија дава согласност на статутот на Фондот.

Владата на Република Северна Македонија ги потврдува финансискиот план и годишната сметка на Фондот.

Член 15 а

Вработените во Фондот кои вршат административни работи имаат статус на административни службеници.

За прашањата кои се однесуваат на работниот однос на вработените од ставот 1 на овој член кои не се уредени со овој закон и со колективен договор, се применуваат одредбите од Законот за административните службеници и општите прописи за работните односи.

Вработените во Фондот кои вршат помошно – технички работи имаат статус на помошно - технички персонал.

На помошно – техничкиот персонал во Фондот ќе се применуваат општите прописи за работните односи.

Член 15 б

Начинот на утврдувањето на основната плата и на додатоците на плата на вработените во Фондот се уредуваат со колективен договор, а вредноста на бодот на основната плата ја утврдува Управниот одбор на Фондот на предлог на директорот.

## 7. ИЗВЕШТАИ

Член 16

Фондот изготвува полугодишни и годишни извештаи за работењето. Фондот е должен да го објави годишниот извештај за работењето во најмалку едно од средствата за јавно информирање.

Овластен ревизор врши ревизија на работењето на Фондот. Извештајот од извршената ревизија задолжително се објавува во најмалку едно од средствата за јавно информирање.

Фондот е должен до Владата на Република Северна Македонија да го достави годишниот извештај за работењето, заедно со извештајот од извршената ревизија.

## 8. ИНФОРМИРАЊЕ

Член 17

Народната банка на Република Северна Македонија е должна, по барање на Фондот да му доставува периодични финансиски извештаи во врска со сите релевантни информации за состојбата на членките на Фондот.

Извештаите од ставот 1 на овој член се базираат на супервизорските извештаи на Народната банка на Република Северна Македонија.

Народната банка на Република Северна Македонија е должна да доставува до Фондот месечни извештаи за вкупните депозити по банки, филијали на странски банки и штедилници, кои содржат податоци за главнината и за каматите на депозитите од членот 4 став 2 на овој закон. Месечните извештаи се доставуваат до Фондот најдоцна до 25-от ден во тековниот месец, за претходниот месец.

На барање на Фондот, Народната банка на Република Северна Македонија е должна да му достави извештај за банките, филијалите на странските банки и штедилниците членки на Фондот кои се под дополнителни мерки преземни од страна на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија согласно со членот 133 од Законот за банките или е воведена администрација согласно со членот 139 од Законот за банките. Извештајот се доставува најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето.

На барање на Фондот, администраторите именувани од страна на гувернерот на Народната банка на Република Северна Македонија се должни да му доставуваат на Фондот извештај за финансиската состојба и перспективите на банката, филијалата на

банка и штедилницата. Извештајот се доставува најдоцна во рок од десет дена од денот на приемот на барањето доставено од страна на Фондот.

Банките, филијалите на странските банки и штедилниците членки на Фондот се должни да му доставуваат на Фондот извештај за тримесечната состојба на вкупниот број на депоненти со депозити во висина до 30.000 евра и на депоненти со депозити во висина над 30.000 евра. Извештајот се доставува најдоцна до 15-от ден во месецот за претходното тримесечје.

Податоците содржани во извештаите што се доставуваат до Фондот преставуваат класифицирани информации.

## 8-а. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 17-а

За прекршоците утврдени во овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежен суд во Република Северна Македонија.

### Член 17-б

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службеното лице на Народната банка на Република Северна Македонија ако не ги достави или ненавремено ги достави до Фондот извештаите од членот 17 ставови 1, 3 и 4 од овој закон.

### Член 17-в

Глоба во износ од 4.000 до 5.000 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на банка, филијала на странска банка или штедилница членка на Фондот која нема:

- навремено да го достави до Фондот извештајот од членот 17 став 6 на овој закон;
- во определениот рок да ја плати дополнителната премија од членот 8 став 1 точка 1 и став 2 на овој закон.

### Член 17-г

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе им се изрече за прекршоците од членот 17-в од овој закон и на лицата со посебни права и одговорности во банката или штедилницата.

### Член 17-д

Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе се изрече за прекршок на администраторите на банката, филијалата на странска банка или штедилницата поради недоставување или ненавремено доставување на извештајот од членот 17 став 5 на овој закон.

### **Член 17 ѓ**

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно Законот за прекршоците.

## 9. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 18

Фондот ќе отпочне со работа во рок од три месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Во рокот од ставот 1 на овој член Република Северна Македонија ќе ги откупи акциите и на банките и штедилниците основачи на Фондот за осигурување на штедните влогови ќе им ги исплати акциите во Фондот за осигурување на штедни влогови по нивната номинална вредност.

Средствата за откуп на акциите од ставот 2 на овој член се обезбедуваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

### Член 19

Со денот на отпочнување со работа на Фондот престануваат да важат дел III-а - Фонд за осигурување на штедни влогови и одредбите на членовите од 93-а до 93-л од Законот за банките и штедилниците ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 31/93; 78/93; 17/96; 37/98 и 25/2000), а Фондот за осигурување на штедни влогови се брише од трговскиот регистар.

### Член 20

Со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија престануваат да важат одредбите од членот 6 став 3 на овој закон со кои се менуваат одредбите од членот 9 став 3 на Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003 и 81/2008), како и одредбите од членот 8 став 4 на овој закон со кои се менуваат одредбите од членот 17 став 6 на Законот за Фондот за осигурување на депозити ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 63/2000, 29/2002, 43/2002, 49/2003 и 81/2008).

### Член 21

Со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија под депозити во смисла на овој закон ќе се подразбираат и денарските и девизните депозити, трансакциските сметки, депозитите врзани за парични картички и девизни приливи на правните лица кои согласно Законот за трговски друштва ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/10 и 48/10) се сметаат за мали трговци.

### Член 22

Со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија, Фондот ги обесштетува осигурените депозити, но не повеќе од денарска противвредност на 100.000 евра по депозит во една банка, филијала на странска банка или штедилница пресметани по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на конечноста на решението од членот 4-а став 2 на овој закон.

### Член 23

Со денот на пристапување на Република Северна Македонија во Европската унија, банките, филијалите на странските банки и штедилниците членки на Фондот се должни да му доставуваат на Фондот извештај за тримесечната состојба на вкупниот број на депоненти со депозити во висина до 100.000 евра и на депоненти со депозити во

висина над 100.000 евра. Извештајот се доставува најдоцна до 15-от ден во месецот за претходното тримесечје.

Член 24

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија".